РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Број: 03-сл

Датум: 3.04.2020

.

Предмет: Известување околу можноста за одбрана на дипломски магистерски и докторски преку електронскиот систем на Факултетот

Почитувани,

Согласно Одлука бр. 02-412/2 од 30.03.2020 година донесена од страна на наставно научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје која се однесува на начинот на реализација на дејностите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на корона вирусот CoVid-19, Ве известуваме дека е дозволена одбрана на дипломски магистерски и докторски преку видео-конференциската платформа која е составен дел од електронскиот систем на Факултетот.

Во член 8 и 9 од Одлуката е предвидено Одбрана на дипломска работа и магистерски/специјалистички труд

Член 8

Одбраната на дипломска работа и магистерски труд може да се врши преку видео-конференциската платформа која е составен дел од електронскиот систем на Факултетот. Задолжително, одбраната треба да биде поставена на електронски линк и објавена на веб страната на факултетот и до неа да има пристап секој или да се снима преку факултетскиот електронски систем и за истото се известуваат кандидатот и членовите на комисијата. Со оглед дека одбраните се јавни, снимка од одбраната може да биде поставена на веб страната на факултетот само со претходна согласност од кандидатот и членовите на комисијата.

По исклучок од став 1 на овој член, а на барање на студентот или член од комисијата може да се дозволи одбраната на дипломска работа и магистерски труд да се одложи до создавање на услови за нивно нормално одвивање

Докторски студии

Член 9

Предавањата, семинарите и другите обврски од студиската програма за трет циклус докторски студии, освен конференции, меѓународна мобилност и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд, се реализираат со примена на средствата за електронска комуникација.

Одбраната на докторскиот труд може да се врши преку видеоконференциската платформа која е составен дел од електронскиот систем на Факултетот. одбраната треба да биде поставена на електронски линк и објавена на веб страната на факултетот и до неа да има пристап секој. Снимката од одбраната ќе биде поставена на веб страната на факултетот само со претходна согласност од кандидатот и членовите на комисијата.

На барање на кандидатот, Факултетот ќе дозволи одбраната на докторски труд да се одложи до создавање на услови за нејзино нормално одвивање.

Крајниот рок за започнатите постапки за одбрана на докторски труд пред воведувањето на мерките, се продолжува за време најмногу до 90 дена.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Процедурата за спроведување на одбрана на дипломска работа е следнава:

- Откако ќе се спроведе процедурата околу одбрана на дипломска работа преку електронскиот систем за дипломски работи студентот во координација со менторот и членовите на комисијата договараат термин за одбрана на дипломската работа.
- Менторот испраќа известување околу терминот и линк до видео-конференциската соба за одбрана до веб администраторот на Факултетот. Известувањето се објавува на интернет страната на факултетот во делот Огласна табла.
- По одбраната менторот и комисијата се должни до студентска служба да испратат скениран записник од одбраната на кој стои нивен потпис, или повеќе записници со поединечни потписи (може и дигитален потпис). По нормализирање на состојбата членовите на комисијата се должни да потпишат и оригинална верзија од записникот за одбрана во досието на кандидатот.
- Доколку студентот ги има завршено сите обврски ( целосно досие со пријави и подмирено сите финансиски обврски), праќа известување до студентска служба и уплатница за изготвување на уверение за дипломиран по што уверението се изготвува за подигање во пропишаниот рок.

- Доколку студентот ги нема завршено сите обврски ( целосно досие со пријави и подмирено сите финансиски обврски), поднесува известување до студентска служба откако ќе ги заврши сите горенаведени обврски и изврши уплата за изготвување на уверение за дипломиран.
- Без разлика кога е одбранета дипломската работа, роковите за изготвување на уверение за дипломиран, почнуваат да течат откако лицето ќе ги подмири сите обврски( целосно досие со пријави и подмирено сите финансиски обврски како и уплата за уверение за дипломиран) и ќе испрати известување до студентската служба на факултетот.

Со почит,

Секретар
М-р Игор Цветановски